# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

26 јануари 2012 | Излегува по потреба | Година VII | број 1



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за превземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници, за 2012 година**

1. Се објавува Одлуката за превземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници за 2012 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 211/1**
**од 26.01.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 42-а, 82 и 83 од Законот за водостопанства (''Службен весник на РМ'' бр.85/03, 95/05, 103/08 и 1/12) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), разгледувајќи го Предлогот за повторно превземање на обврската за плаќање воден надомест, бр.0804-493 од 22.12.2011 година, поднесен од Водостопанство Скопско Поле - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и првата седница одржана на ден 24.01.2012 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За превземање на обврските за плаќање воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници, за 2012 година

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба превзема обврска за плаќање годишен воден надомест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници (сопственици/корисници на индивидуални станбени објекти и земјоделско земјиште) на подрачјето на општината.

Превземената обврска од став 1 на овој член, општината треба да ја исполни кон Водостопанство Скопско Поле - Скопје, и истата се однесува за 2012 година.

**Член 2**

На подрачјето на Општина Гази Баба под системот за одводнување "Скопско Поле" се опфатени вкупно 2175 ха, од кои 1371 ха поседуваат индивидуалните физички лица - водокорисници.

Надоместот по хектар (ха) изнесува 2400 денари.

Вкупниот надомест кој општината треба да го исплати на Водостопанство Скопско Поле - Скопје изнесува 3.290.400,00 денари, без ДДВ (со зборови: тримилионидвестедеведесетилјадиичетиристотиниденари), за 2012 година.

**Член 3**

Превземањето на обврската за плаќање на воден надмест за одводнување на индивидуалните физички лица - водокорисници, и начинот на утврдување на висината на надоместокот за одводнување, се регулирани во членовите 42-а, 82 и 83 од Законот за водостопанства ("Службен весник на РМ" бр.85/03, 95/05, 103/08 и 1/12).

**Член 4**

Надоместот од член 2 став 3 на оваа одлука, ќе биде искористен за редовно и навремено чистење на каналската мрежа на подрачјето на општината од страна на Водостопанство Скопско Поле - Скопје, се со цел спречување на евентуални поплави на земјоделското земјиште и други површини на подрачјето на општината.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07 - 106/3**
**од 24.01.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица ''Гази Баба'', за 2011 година**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица ''Гази Баба'', за 2011 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 24.01.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 211/2**
**од 26.01.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 25 став 1 од Законот за полиција (''Службен весник на РМ'' бр.114/06 и 6/09) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба, на Четириесет и првата седница одржана на ден 24.01.2012 година, расправајќи по Информацијата бр.08-25/1 од 05.01.2012 година, за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица ''Гази Баба'' - Скопје за 2011 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Информацијата**
**за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата**
**на подрачјето на полициската станица "Гази Баба", за 2011 година**

1. Советот на Општина Гази Баба ја усвојува Информацијата за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на полициската станица ''Гази Баба'' - Скопје, за 2011 година.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Гази Баба, МВР - СВР Скопје - Полициска станица од општа надлежност '' Гази Баба '' - Скопје и Народниот правобранител на Република Македонија.

3. Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 106/4**
**од 24.01.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за именување претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на Основното училиште ''Стив Наумов'' - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за именување претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на Основното училиште ''Стив Наумов'' - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 211/3**
**од 26.01.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование (''Службен весник на РМ'' бр.130/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 122 став 1 алинеја 2 и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), постапувајќи по предлогот на училишниот одбор на Основното училиште ''Стив Наумов'' - Скопје, бр.03-23/1 од 11.01.2012 година, Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и првата седница одржана на ден 24.01.2012 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за изменување на одлуката за именување**
**претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор**
**на Основното училиште ''Стив Наумов'' - Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука се изменува одлуката за именување претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на Основното училиште ''Стив Наумов'' - Скопје, бр.07-4577/21 од 20.10.2009 година и 07-5990/12 од 28.12.2009 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.10/09 и 1/10)

**Член 2**

Во член 1 алинеја 1 и 2 од одлуката за именување претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на Основното училиште ''Стив Наумов'' - Скопје, бр.07-4577/21 од 20.10.2009 година и 07-5990/12 од 28.12.2009 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.10/09 и 1/10), на местото на претставниците на Општина Гази Баба во училишниот одбор:

ЗЛАТЕ ЗЛАТАНОВСКИ, и
ТОНИ ДИМОВСКИ

Се именуваат претставниците:
БОЈАН РАДОЈКОВИЌ, и
МАРЈАН ДИМОВСКИ

**Член 3**

Мандатот на именуваните претставници во училишниот одбор, трае до 27.10.2012 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 07 - 106/5**
**од 24.01.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Милан Андоновски, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година**

1. Се објавува Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 211/4**
**од 26.01.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) , член 34 став 4 и став 5 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/05, 103/08, и 95/10 и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба , Советот на ОПШТИНА ГАЗИ БАБА Скопје на 41 - та седница одржана на24.01. 2012 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

### За проширување на средствата во Буџетот на ОПШТИНА ГАЗИ БАБА за 2012 година

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средства во Буџетот на ОПШТИНА ГАЗИ БАБА Скопје за 2012 година и тоа на следниот начин :

| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| 723116 Надоместоци за оброци во ученички и студентски домови, училишта, градинки и други институции | 0 | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 |
| 742119 Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 190.000 | 0 | 0 |
| 742119 Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 440.000 | 0 | 0 |
| | **0** | **5.000.000** | **630.000** | **0** | **0** |

**И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки :**

| | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 420120 Патување во земјата - патни расходи | 0 | 0 | 17.500 | 0 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | 0 | 31.200 | 0 | 0 |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 58.800 | 0 | 0 |
| 425790 Други образовни услуги | 0 | 0 | 64.000 | 0 | 0 |
| 442180 Музејска и кинотечна дејност | 0 | 0 | 18.500 | 0 | 0 |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 371.000 | 0 | 0 |
| 423610 Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 9.400 | 0 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 5.000.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 59.600 | 0 | 0 |
| | **0** | **5.000.000** | **630.000** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на и станува составен дел на Буџетот на општината за 2012 година.

**Бр. 07- 106/ 6**
**од 24.01.2012**

**Претседател на Советот на Општината**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**
**Милан Андоновски,ср**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Гази Баба за 2012 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 211/5**
**од 26.01.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална та самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02 година) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (Службен гласник на Општина Гази Баба бр. 04/06 ), Советот на Општина Гази Баба на 41-та седница одржана на 24.01 .2012 година , донесе

**О Д Л У К А**

**За измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина за 2012 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средства во Буџетот на за 2012 година и тоа на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 0 | 0 | 0 | -700.000 | 0 |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 0 | 0 | 0 | -300.000 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 0 | 0 | 1.000.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на и станува составен дел на Буџетот на општината за 2012 година.

**Претседател на Советот на Општина**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**
**Милан Андоновски,ср**

**Бр. 07- 106/7**
**од 24.01.2012**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став 1 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06), Градоначалникот на Општина Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 24.01.2012 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08 - 211/6**
**од 26.01.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Трајковски, с.р**

Врз основа на член 80 од Законот за градење (''Службен весник на РМ'' бр.130/09, 33/10, 124/10, 18/11, 36/11 и 54/11), член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06), Советот на Општина Гази Баба на Четириесет и првата седница одржана на ден 24.01.2012 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за поставување на урбана опрема**
**на подрачјето на Општина Гази Баба**

1. Со оваа Програма се уредува начинот, условите и локациите на подрачјето на Општина Гази Баба каде може да се поставува урбана опрема.

2. Програмата за поставување на урбана опрема, содржински и на начин како што е изготвена, во целост е дадена во прилог.

Друштво за градежништво
проектирање, инженеринг, трговија и
услуги
ЛОУ ТЕК ДООЕЛ

технички број
02 - 2011

Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Град Скопје, Општина Гази Баба

low tech
architects

ул. Партениј Зографски бр. 28А, 1000 Скопје
e-mail. INFO@LTARCH.COM
тел. +389 (0)2 3090 006; +389 (0)2 3090 007
факс. +389 (0)2 3090 008

| | |
|---|---|
| Технички број: | 02-2011 |
| Проект: | Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Град Скопје, Општина Гази Баба |
| Инвеститор: | Град Скопје |
| Проектот е изработен од: | ЛОУ ТЕК ДООЕЛ - Скопје<br>Партениј Зографски 28А, 1000 Скопје |

Управител: М.П. Скопје,

М-р Сашо Блажевски, диа 17.02.2011

2

Содржина:


страна бр.

I ДОКУМЕНТАЦИЈА

ДРД Образец 05
Лиценца 06
Решение за одредување на проектанти 07
Оластување за проектанти 08
Оластување за проектанти 09

II АРХИТЕКТУРА

А. Текстуален дел

-Вовед
1. Цел на програмата
2. Видови урбана опрема
2.1 Критериуми за определување на видот на урбаната опрема
2.2 Дејности кои можат да се вршат во урбана опрема
3. Преглед на локации на постојната урбана опрема на територија на Општина Гази Баба
4. Планирана диспозиција на урбана опрема
5. Начини и услови за поставување и одржување на урбаната опрема
6. Динамика на реализација на програмата
7. Вршење надзор
8. Преодни и завршни одредби

Б. Графички дел

прилог бр.

Постојна состојба - диспозиција на евидентирана урбана опрема(ДУП - Автокоманда) М = 1 : 1000 01
Новопроектирана состојба - диспозиција на урбана опрема (ДУП - Автокоманда) М = 1 : 1000 02
Постојна состојба - диспозиција на евидентирана урбана опрема(ДУП - Дел од Маџари) М = 1 : 1000 03
Новопроектирана состојба - диспозиција на урбана опрема (ДУП - Дел од Маџари) М = 1 : 1000 04
Постојна состојба - диспозиција на евидентирана урбана опрема(ДУП - Факултети DL196L) М = 1 : 1000 05
Новопроектирана состојба - диспозиција на урбана опрема (ДУП - Факултети DL196L) М = 1 : 1000 06
Постојна состојба - диспозиција на евидентирана урбана опрема(ДУП - Факултети DL197) М = 1 : 1000 07
Новопроектирана состојба - диспозиција на урбана опрема (ДУП - Факултети DL197) М = 1 : 1000 08
Постојна состојба - диспозиција на евидентирана урбана опрема(ДУП - Железара А) М = 1 : 1000 09
Новопроектирана состојба - диспозиција на урбана опрема (ДУП - Железара А) М = 1 : 1000 10
Постојна состојба - диспозиција на евидентирана урбана опрема (Перо Наков) М = 1 : 1000 11
Новопроектирана состојба - диспозиција на урбана опрема (ДУП - Перо Наков) М = 1 : 1000 12
Постојна состојба - диспозиција на евидентирана урбана опрема(ДУП - Маџари) М = 1 : 1000 13
Новопроектирана состојба - диспозиција на урбана опрема (ДУП - Маџари) М = 1 : 1000 14
Постојна состојба - диспозиција на евидентирана урбана опрема(ДУП - Маџари УБЗ) М = 1 : 1000 15
Новопроектирана состојба - диспозиција на урбана опрема (ДУП - Маџари УБЗ) М = 1 : 1000 16
Постојна состојба - диспозиција на евидентирана урбана опрема(ДУП - Ј. Сандански) М = 1 : 1000 17
Новопроектирана состојба - диспозиција на урбана опрема (ДУП - Ј. Сандански) М = 1 : 1000 18

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ДОКУМЕНТ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ

Образец ДРД

Друштво за градежништво, проектирање, инженеринг, трговија и услуги **ЛОУ ТЕК** ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС **5697255** седиште Ул. ПАРТЕНИЈ ЗОГРАФСКИ Бр. 28А СКОПЈЕ ги има регистрирано дејностите кои се наведени во Прилогот кој е составен дел на овој документ. Прилогот е составен од **3 (три)** страни, страните од Прилогот се валидни само ако се уредно заверени со печат од Централниот регистар на Република Македонија.

***Приоритетна дејност/Определена главна приходна шифра:***

| | |
|---|---|
| 71.12 | Инженерство и со него поврзано техничко советување |

**Бр. 0807-9/2621**
**08.04.2009 година,**
**Скопје**

**Изготвил,**

**Горан Божиновски**

**Овластено лице,**

**Драгана Бахчовановска**

**МП**

Централен Регистар на Република Македонија,ул.Кузман Јосифовски Питу 1, 1000 Скопје.Тел.02/3290-248 Факс.02/3123-169 www.centralenregistar.org.mk

ДРД Образец

4

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

ВРЗ ОСНОВА НА ЧЛЕН 18 СТАВ 1 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
("СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР. 51/05, 137/07 и 91/09")
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ИЗДАВА

# ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

БРОЈ 0049

НА

ДРУШТВО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ПРОЕКТИРАЊЕ,
ИНЖЕНЕРИНГ, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
**ЛОУ ТЕК – СКОПЈЕ**

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ ЗДОБИВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ СОГЛАСНО ЗАКОН

ЛИЦЕНЦАТА ВАЖИ ДО : 16.08.2020 год.
ИЗДАДЕНО НА : 16.08.2010 год.
СКОПЈЕ

МИНИСТЕР

Миле Јанакиески

Лиценца

Врз основа на член 15, 16, и 17 од Законот за градење (Службен весник на РМ бр. 51/05 од 30.06.2005) и член 6 од Законот за изменување и дополнување на законот за градење (Службен весник на РМ бр. 81/08 од 08.07.2009), го донесувам следното

# РЕШЕНИЕ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТАНТИ

За изработка на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Град Скопје, ги назначувам следните проектанти:

За урбанизам: М-р Сашо Блажевски, диа

Управител: М.П. Скопје,

М-р Сашо Блажевски, диа 17.02.2011

6

Република Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

издава

# ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ОДНОСНО ПЛАНЕР, ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА
ДОКУМЕНТАЦИЈА

БРОЈ НА ОВЛАСТУВАЊЕ:
0.0107

на

**М-р САШО БЛАЖЕВСКИ**
**дипломиран инженер архитект**

МБ: 2108972450033

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВА ОВЛАСТУВАЊЕ НОСИТЕЛОТ СЕ ЗДОБИВА
СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
ОДНОСНО ПЛАНЕР-ПОТПИСНИК НА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
СОГЛАСНО ЗАКОН

Скопје,
21. Јануари, 2009 год.

Претседател на Комора
Д-р Страхиња Трпевски,
дипл.инж.арх.

Овластување за проектанти

7

ВОВЕД

Во согласност со Закон за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 05/02), Закон за градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр 55/04), Закон за градење ("Службен весник на РМ" бр 130/09; 124/10; 18/11), Закон за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр 51/05; 137/07; 24/08; 91/09; 124/10; 18/11), Закон за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр 17/11), Закон за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр 45/97; 23/99; 45/02; 16/04; 5/09), Закон за комунални такси ("Службен весник на РМ" бр 61/04; 64/05; 92/07), Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на времен објект и урбана опрема и начинот на неговото издавање, и упатство за начинот на изготвување на годишната програма за поставување на времени објекти и микролокациски услови и формата и содржината на одобрението за поставување на урбана опрема ("Службен весник на РМ" бр 36/10) донесено од Министерството за транспорт и врски, изработена е Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Град Скопје, Општина Гази Баба.

Согласно Законот за Град Скопје ("Службен весник на РМ" бр 55/04), надлежност на Градот е утврдување стандарди и давање согласност за поставување на времени објекти и урбана опрема. Согласно Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр 130/09; 124/10; 18/11) потребата за поставување на урбаната опрема ја утврдува Советот на општината Гази Баба и Советот на Град Скопје.

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема, локалитетите на кои се поставуваат, начинот и условите за нивно поставување, дислоцирање и отстранување.

Оваа програма важи за 2012 година и со истата е опфатена урбаната опрема која се поставува на градежно изградено земјиште и согласно член 2 став 4 од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр 130/09; 124/10; 18/11) во смисла на овој закон урбаната опрема претставува опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници сувенири, цвекиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско - конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани,јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформа за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

1. Цел на Програмата

-Евиденција на урбана опрема на територија на Општина Гази Баба, Скопје. -

Дефинирање на нови локации за поставување на урбана опрема.

-Дефинирање на урбана опрема која што се отстранува, бидејки не ги задоволува критериумите пропишани со закон.

-Дефинирање на урбана опрема што се задржува.

## 2. Видови на урбана опрема

Според законот за градење ("Службен весник на РМ" бр 130/09; 124/10; 18/11) урбаната опрема претставува опрема која се поставува на градежно изградено земјиште.

Со оваа програма се дефинираат локации за поставување на урбана опрема - Монтажно - демонтажни објекти, простори за манифестации (локации за презентација на уметници: продажба на ракотворби и уметнички предмети, локации за продажба на конфекциониран сладолен и зрнести плодови, локации за продажба на сувенири и стари книги, локации за продажба на цвеќе), автобуски стојалишта (локациите и типот ќе бидат превземени од веќе изработената Програма за поставување на урбана опрема на автобуските стојалишта на подрачјето на Град Скопје, други типови на опрема (фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници, жардињери и гранишници, паркиралишта за велосипеди, јавни санитарни јазли и друго), кои на јавните површини во градот ќе се поставуваат со архитектонско - урбанистички проекти за секоја локација одделно.

Урбана опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

### 2.1 Критериуми за определување на видот на урбаната опрема

За определување на типот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

-Функционални критериуми како што се намена, времетраење и површина наменета за вршење на дејноста.

-Естетско - морфолошки критериуми овозможува редизајн на постојната типизација, односно морфолошка разновидност или потполна обликовна изедначеност.

-Материјално експлоатациони критериуми ги одредуваат економските аспекти категорија време и објекти.

Урбаната опрема која се поставува на подрачјето на Општина Гази Баба, Скопје треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр 130/09; 124/10; 18/11)

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и да се обезбеди непречен пристап до истата.

Урбаната опрема треба да биде технички и обликовно проектирана, беспрекорно изведена, во склад со амбиентот на локацијата со примена на современи материјали, чисти, исправни и естетски прифатливи.

Доградба, надградба и други надворешни и внатрешни интервенции на урбаната опрема, освен интервенциите за нивно тековно одржување, не се дозволуваат.

Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените и деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите не смеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

При поставување на урбана опрема, не смеат да се превземаат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менуваат материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

Минималната широчина на јавната површина на која може да се постави урбана опрема, изнесува 3,2 м, а за поставување на монтажно - демонтажен или типски објект од лесна конструкција истата треба да изнесува минимум 4,5м.

Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби, секојдневно по завршување на работното време се отстранува од јавната површина.

При поставување на урбана опрема на тротоари и други пешачки површини минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот или пешачката површина изнесува 2,5 м.

Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема ( столчиња, денивелација и сл. ) но просторот за движење не може да биде помал од 1,2м.

При поставување на времени објекти и урбана опрема на објекти или земјиште во сопственост, минималната слободна проодна површина изнесува 2,0 м.

При поставување на урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:

-Соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електронапојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл,) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите) односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.

-Примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови - со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.

Согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставувањето на урбаната опрема, покрај овие услови, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

Урбана опрема може да бидат само приземни, со максимална висина на венец до 3,5м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземје не повисока од 15 см.

Урбаната опрема се поставува согласно Програма за урбана опрема и Стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на градот Скопје(“Службен гласник на Град Скопје” бр. 3/2010).

- Монтажно - демонтажни објекти

Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција, се објекти со површина до 16 м², кои можат да се постават на одредени места. Монтажно - демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалаци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи (без подготовка на храна).

Монтажните објекти со своето обликување, во следна фаза, мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на времени објекти и урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита ос сонце и дожд на челото на монтажниот објект можно е поставување на рол тенда.

Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1,5м до 2,5 м , а од раскрсница мин. 10 м од почетокот на радиусот за десно свртување.

За секоја локација на монтажен објект мора да се обезбедат санитарно - технички услови: да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација и приклучок за телефон.

- Автобуски стојалишта

Локациите и типот ќе бидат преземени од веќе изработената Програма за поставување на урбана опрема на автобуски стојалишта на подрачјето на Град Скопје.

- Простори (локации) за манифестации

Локации за поставување на урбана опрема за организирање на разни настани, презентации и промоции на градежно изградено земјиште.

Локации за презентација на уметници: продажба на ракотворби и уметнички предмети.

Локации за продажба на конфекциониран сладолед и зрнести плодови.

Локации за продажба на сувенири и стари книги.

Локации за продажба на цвеќе

Платформи

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

- Други типови на урбана опрема

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници, жардињери и граничници, паркиралишта за велосипеди, јавни санитарни јазли и др.), на јавните површини во градот ќе се поставуваат со архитектонско - урбанистички проекти за секоја локација одделно.

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски стојалишта од сите типови и на други локации.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1.00м х 1.2м за луѓето со хендикеп.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени : слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

2.2 Дејности кои можат да се вршат во објекти на урбана опрема

Со урбаната опрема можат да се вршат дејности во согласност со член 2, став 4 од Законот за градење („Сл. Весник на РМ“ бр. 130/09; 124/10; 18/11).

Урбаната опрема се поставува исклучиво за остварување на јавен интерес утврден со закон.

3.0 Преглед на локации на постојна урбана опрема на територијата на Општина Гази Баба

4.0

- Вкупно 113 евидентирани објекти

## ЛОКАЛИТЕТ: ДУП - АВТОКОМАНДА

| БРОЈ НА ОБЈЕКТ | ОЗНАКА | МЕСТОПОЛОЖБА | ТИП | ПОВРШИНА | НАМЕНА | СТЕПЕН НА УРЕДЕНОСТ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основен | повисок | понизок |
| 1.1 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 9 м² | трговија | ○ | | |
| 1.2 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |
| 1.3 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 12 м² | трговија | ○ | | |
| 1.4 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 12 м² | трговија | ○ | | |
| 1.5 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 12 м² | трговија | ○ | | |
| 1.6 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 24 м² | трговија | ○ | | |
| 1.7 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 12 м² | трговија | ○ | | |
| 1.8 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 8 м² | трговија | ○ | | |
| 1.9 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 4 м² | трговија | ○ | | |
| 1.10 | ■ | Ул.Батиор | Монтажно - демонтажен објект | 20 м² | трговија | ○ | | |
| 1.11 | ■ | Ул.Лазар Поп-Трајков | Монтажно - демонтажен објект | 9 м² | трговија | ○ | | |
| 1.12 | ■ | Ул.Лазар Поп-Трајков | Монтажно - демонтажен објект | 30 м² | трговија | ○ | | |
| 1.13 | ■ | Ул.Лазар Поп-Трајков | Монтажно - демонтажен објект | 30 м² | трговија | ○ | | |
| 1.14 | ■ | Ул.Лазар Поп-Трајков | Монтажно - демонтажен објект | 30 м² | трговија | ○ | | |
| 1.15 | ■ | Ул.Лазар Поп-Трајков | Монтажно - демонтажен објект | 30 м² | трговија | ○ | | |
| 1.16 | ■ | Ул.Лазар Поп-Трајков | Монтажно - демонтажен објект | 30 м² | трговија | ○ | | |
| 1.17 | ■ | Ул.Лазар Поп-Трајков | Монтажно - демонтажен објект | 30 м² | трговија | ○ | | |
| 1.18 | ■ | Ул.Лазар Поп-Трајков | Монтажно - демонтажен објект | 9 м² | трговија | ○ | | |
| 1.19 | ■ | Ул.Лазар Поп-Трајков | Монтажно - демонтажен објект | 9 м² | трговија | ○ | | |
| 1.20 | ■ | Ул.Лазар Поп-Трајков | Монтажно - демонтажен објект | 9 м² | трговија | ○ | | |
| 1.21 | ■ | Ул.Лазар Поп-Трајков | Монтажно - демонтажен објект | 9 м² | трговија | ○ | | |
| 1.22 | ■ | Ул.Лазар Поп-Трајков | Монтажно - демонтажен објект | 9 м² | трговија | ○ | | |

14

## ЛОКАЛИТЕТ: ДУП - ДЕЛ ОД МАЏАРИ

| БРОЈ НА ОБЈЕКТ | ОЗНАКА | МЕСТОПОЛОЖБА | ТИП | ПОВРШИНА | НАМЕНА | СТЕПЕН НА УРЕДЕНОСТ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основен | повисок | понизок |
| 2.1 | ■ | Ул.Благоја Стефковски | Монтажно - демонтажен објект | 18 м² | трговија | ○ | | |

## ЛОКАЛИТЕТ: ДУП - ФАКУЛТЕТИ DL196L

| БРОЈ НА ОБЈЕКТ | ОЗНАКА | МЕСТОПОЛОЖБА | ТИП | ПОВРШИНА | НАМЕНА | СТЕПЕН НА УРЕДЕНОСТ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основен | повисок | понизок |
| 3.1 | ■ | Бул.Александар Македноски | Монтажно - демонтажен објект | 24 м² | трговија | ○ | | |

## ЛОКАЛИТЕТ: ДУП - ФАКУЛТЕТИ DL197

| БРОЈ НА ОБЈЕКТ | ОЗНАКА | МЕСТОПОЛОЖБА | ТИП | ПОВРШИНА | НАМЕНА | СТЕПЕН НА УРЕДЕНОСТ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основен | повисок | понизок |
| 4.1 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |
| 4.2 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |
| 4.3 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |
| 4.4 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |
| 4.5 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 18 м² | трговија | ○ | | |
| 4.6 | ■ | Бул.Александар Македонски | Монтажно - демонтажен објект | 18 м² | трговија | ○ | | |

15

## ЛОКАЛИТЕТ: ДУП - ЖЕЛЕЗАРА А

| БРОЈ НА ОБЈЕКТ | ОЗНАКА | МЕСТОПОЛОЖБА | ТИП | ПОВРШИНА | НАМЕНА | СТЕПЕН НА УРЕДЕНОСТ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основен | повисок | понизок |
| 5.1 | ■ | Ул. XIV Македонска Бригада | Монтажно - демонтажен објект | 50 м² | трговија | ○ | | |
| 5.2 | ■ | Ул. Коце Металец | Монтажно - демонтажен објект | 24 м² | трговија | ○ | | |
| 5.3 | ■ | Ул. Гемициска | Монтажно - демонтажен објект | 24 м² | трговија | ○ | | |
| 5.4 | ■ | Ул. Гемициска | Монтажно - демонтажен објект | 64 м² | трговија | ○ | | |
| 5.5 | ■ | Ул. Гемициска | Монтажно - демонтажен објект | 48 м² | трговија | ○ | | |
| 5.6 | ■ | Ул. Зеничка | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |
| 5.7 | ■ | Ул. Зеничка | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |

16

## ЛОКАЛИТЕТ: ПЕРО НАКОВ

| БРОЈ НА ОБЈЕКТ | ОЗНАКА | МЕСТОПОЛОЖБА | ТИП | ПОВРШИНА | НАМЕНА | СТЕПЕН НА УРЕДЕНОСТ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основен | повисок | понизок |
| 6.1 | ■ | Ул. 840 Бис | Монтажно - демонтажен објект | 75 $м^2$ | трговија | ○ | | |
| 6.2 | ■ | Ул. 840 Бис | Монтажно - демонтажен објект | 12 $м^2$ | трговија | ○ | | |
| 6.3 | ■ | Ул. 840 Бис | Монтажно - демонтажен објект | 12 $м^2$ | трговија | ○ | | |
| 6.4 | ■ | Ул. 840 Бис | Монтажно - демонтажен објект | 25 $м^2$ | трговија | ○ | | |
| 6.5 | ■ | Ул. 840 Бис | Монтажно - демонтажен објект | 25 $м^2$ | трговија | ○ | | |
| 6.6 | ■ | Ул. 840 Бис | Монтажно - демонтажен објект | 15 $м^2$ | трговија | ○ | | |
| 6.7 | ■ | Ул. 840 Бис | Монтажно - демонтажен објект | 36 $м^2$ | трговија | ○ | | |
| 6.9 | ■ | Ул. Благоја Стефковски | Монтажно - демонтажен објект | 35 $м^2$ | трговија | ○ | | |
| 6.10 | ■ | Ул. Благоја Стефковски | Монтажно - демонтажен објект | 35 $м^2$ | трговија | ○ | | |
| 6.11 | ■ | Ул. Благоја Стефковски | Монтажно - демонтажен објект | 58 $м^2$ | трговија | ○ | | |
| 6.12 | ■ | Ул. Благоја Стефковски | Монтажно - демонтажен објект | 15 $м^2$ | трговија | ○ | | |

## ЛОКАЛИТЕТ: ДУП - МАЏАРИ

| БРОЈ НА ОБЈЕКТ | ОЗНАКА | МЕСТОПОЛОЖБА | ТИП | ПОВРШИНА | НАМЕНА | СТЕПЕН НА УРЕДЕНОСТ | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основен повисок | понизок |
| 7.1 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 25 м² | трговија | ○ | |
| 7.2 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | |
| 7.3 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 36 м² | трговија | ○ | |
| 7.4 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 27 м² | трговија | ○ | |
| 7.5 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 8 м² | трговија | ○ | |
| 7.6 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 6 м² | трговија | ○ | |
| 7.7 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 9 м² | трговија | ○ | |
| 7.8 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 8 м² | трговија | ○ | |
| 7.9 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 17.5 м² | трговија | ○ | |
| 7.10 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 17.5 м² | трговија | ○ | |
| 7.11 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 20 м² | трговија | ○ | |
| 7.12 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 14 м² | трговија | ○ | |
| 7.13 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 8 м² | трговија | ○ | |
| 7.14 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 8 м² | трговија | ○ | |
| 7.15 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 32 м² | трговија | ○ | |
| 7.16 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 32 м² | трговија | ○ | |

## ЛОКАЛИТЕТ: ДУП МАЏАРИ УБЗ

| БРОЈ НА ОБЈЕКТ | ОЗНАКА | МЕСТОПОЛОЖБА | ТИП | ПОВРШИНА | НАМЕНА | СТЕПЕН НА УРЕДЕНОСТ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основен | повисок | понизок |
| 8.1 | ■ | Ул. Благоја Стефковски | Монтажно - демонтажен објект | 8 м² | трговија | ○ | | |
| 8.2 | ■ | Ул. Благоја Стефковски | Монтажно - демонтажен објект | 7.5 м² | трговија | ○ | | |
| 8.3 | ■ | Ул. Благоја Стефковски | Монтажно - демонтажен објект | 7.5 м² | трговија | ○ | | |
| 8.4 | ■ | Ул. Благоја Стефковски | Монтажно - демонтажен објект | 7.5 м² | трговија | ○ | | |
| 8.5 | ■ | Ул. Благоја Стефковски | Монтажно - демонтажен објект | 9 м² | трговија | ○ | | |
| 8.6 | ■ | Ул. Благоја Стефковски | Монтажно - демонтажен објект | 7 м² | трговија | ○ | | |

## ЛОКАЛИТЕТ: ДУП ЈАНЕ САНДАНСКИ

| БРОЈ НА ОБЈЕКТ | ОЗНАКА | МЕСТОПОЛОЖБА | ТИП | ПОВРШИНА | НАМЕНА | СТЕПЕН НА УРЕДЕНОСТ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основен | повисок | понизок |
| 9.1 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 24 м² | трговија | ○ | | |
| 9.2 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 24 м² | трговија | ○ | | |
| 9.3 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 48 м² | трговија | ○ | | |
| 9.4 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 10.5 м² | трговија | ○ | | |
| 9.5 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 9 м² | трговија | ○ | | |
| 9.6 | ■ | Ул. Антон Попов | Монтажно - демонтажен објект | 6 м² | трговија | ○ | | |
| 9.7 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 12 м² | трговија | ○ | | |
| 9.8 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |
| 9.9 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |
| 9.10 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 40 м² | трговија | ○ | | |
| 9.11 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 28 м² | трговија | ○ | | |
| 9.12 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 28 м² | трговија | ○ | | |
| 9.13 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 12 м² | трговија | ○ | | |
| 9.14 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |
| 9.15 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 32 м² | трговија | ○ | | |
| 9.16 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 32 м² | трговија | ○ | | |
| 9.17 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 32 м² | трговија | ○ | | |
| 9.18 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 32 м² | трговија | ○ | | |
| 9.19 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |
| 9.20 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |
| 9.21 | ■ | Ул. Маџари | Монтажно - демонтажен објект | 32 м² | трговија | ○ | | |

## ЛОКАЛИТЕТ: ДУП ЈАНЕ САНДАНСКИ

| БРОЈ НА ОБЈЕКТ | ОЗНАКА | МЕСТОПОЛОЖБА | ТИП | ПОВРШИНА | НАМЕНА | СТЕПЕН НА УРЕДЕНОСТ | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | основен | повисок | понизок |
| 9.22 | ■ | Ул. Мацари | Монтажно - демонтажен објект | 16 м² | трговија | ○ | | |
| 9.23 | ■ | Ул. Мацари | Монтажно - демонтажен објект | 8 м² | трговија | ○ | | |
| 9.24 | ■ | Ул. Мацари | Монтажно - демонтажен објект | 15 м² | трговија | ○ | | |
| 9.25 | ■ | Ул. Мацари | Монтажно - демонтажен објект | 60 м² | трговија | ○ | | |
| 9.26 | ■ | Ул. Мацари | Монтажно - демонтажен објект | 24 м² | трговија | ○ | | |
| 9.27 | ■ | Ул. Мацари | Монтажно - демонтажен објект | 24 м² | трговија | ○ | | |
| 9.28 | ■ | Ул. Мацари | Монтажно - демонтажен објект | 24 м² | трговија | ○ | | |
| 9.29 | ■ | Ул. Мацари | Монтажно - демонтажен објект | 56 м² | трговија | ○ | | |
| 9.30 | ■ | Ул. Мацари | Монтажно - демонтажен објект | 49 м² | трговија | ○ | | |
| 9.31 | ■ | Ул. Мацари | Монтажно - демонтажен објект | 24 м² | трговија | ○ | | |
